# СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

## ОПШТИНА БИТОЛА

2021-2026

# СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

## ОПШТИНА БИТОЛА

2021-2026

Печатењето и дизајнот на Стратегијата за еднакви можности (2021-2026) се поддржани во рамките на проектот на UN Women „Промовирање родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиски поддржан од Швајцарија и Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не гипретставуваат мислењата и ставовите на UN Women, на Обединетите нации или на другите придружни организации.

Овој документ е изготвен од интерсекторската група, Комисијата за еднакви можности на општина Битола со менторска поддршка од Марија Ристеска и Неда Петковска и координаторките за еднакви можности во Општина Битола, д-р Анита Ангелевска и м-р Виолета Налевска.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Sweden
Sverige

UN WOMEN

## Заложба на градоначалникот

Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост, што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики што не можат да се надминат. Но разликите што ги наметнало општеството, стереотипите и општоприфатените родово дискриминациски модели се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат. Општина Битола континуирано работи на унапредување на родовата еднаквост преку проекти и воведување иновативни мерки на следниве приоритетни подрачја:

1. Создавање повеќе и подобри работни места за жените на локално ниво.
2. Еднаков пристап до образование и професионална реализација, надминување на вкоренетите стереотипи за жените и мажите и нивните улоги во општеството преку кампањи, обуки и работилници.
3. Зголемување на приходите на жените.
4. Инвестирање во родово одговорни социјални услуги.
5. Зголемување на ресурсите за постигнување суштинска, а не само декларативна еднаквост, преку висината на алоцираните средства.
6. Поддршка на женските организации на сите нивоа.
7. Создавање поволно опкружување за реализација на женските права во Општина Битола.
8. Континуирана евалвација, преку генерирање докази како оцена за напредокот на женските економски и социјални права, преку родово одговорна статистика, изработка на формулари и прашалници со локално буџетирање и поддршка со ресурси.
9. Креирање родово одговорен буџет.

**Тони Коњановски,**
Градоначалник на Општина Битола

# СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| **1. Вовед** | **7** |
| 1.1. Визија | 8 |
| 1.2. Мисија | 8 |
| 1.3. Основни принципи | 8 |
| **2. Анализа на состојбата** | **10** |
| 2.1. Економска активност и вработување | 12 |
| 2.2. Неплатен труд | 14 |
| 2.3. Баланс помеѓу работата и семејниот живот (користење породилно отсуство) | 18 |
| 2.3.1. Број на установи што згрижуваат деца (Општина Битола) | 23 |
| 2.4. Образование | 24 |
| 2.4.1. Основно образование | 24 |
| 2.4.2. Средно образование | 25 |
| 2.4.3. Високо образование | 26 |
| 2.5. Учество во јавниот живот | 27 |
| **3. Ставови за родова еднаквост во Општина Битола** | **30** |
| Заклучоци (Поглавје I) | 35 |

| | |
|---|---|
| 3.1.Загадување и енергетска ефикасност | 36 |
| Заклучоци (Поглавје II) | 42 |
| 3.2. Услуги - Пристапност | 43 |
| Заклучоци (Поглавје III) | 48 |
| 3.3. Економија и трошење на времето | 49 |
| 3.4. Неплатен труд | 54 |
| Заклучоци (Поглавје IV) | 65 |
| 3.5. Граѓанско учество и безбедност на јавен простор | 66 |
| Заклучоци (Поглавје V) | 72 |
| Препораки | 27 |
| Препораки до институциите | 72 |
| Препораки до НВО | 73 |
| Препораки до граѓаните | 73 |
| **4. Стратегиски цели** | **74** |
| **5. План за акција** | **76** |



# 1. ВОВЕД

Стратегијата за еднакви можности на Општина Битола претставува план за развојот на Општината во поглед на унапредувањето на еднаквите можности за жените и мажите и еднаков пристап до ресурси и јавни добра. Таа ги зема предвид различните потреби на жените и мажите во повеќе сфери на општественото живеење и нуди решенија со кои адекватно би се адресирале овие потреби и приоритети.

Идејата е преку ова стратегиско планирање да се постават јасни и остварливи цели и активности за унапредување на еднаквите можности што Општината ќе ги спроведува во партнерство со сите локални и национални чинители, како што се граѓанките и граѓаните, јавните претпријатија, органите на државната управа, соодветните министерства и домашните, граѓанските и меѓународните организации и донатори. Оваа стратегија подразбира и активно вклучување на целокупната организациска структура на Општината и разумно и праведно искористување на локалните ресурси.



Дополнително, Општина Битола континуирано и активно соработува со канцеларија на UN Women во Скопје од 2014 година, кога првпат беше потпишан Меморандум за соработка меѓу двете организации. Врз основа на Меморандумот за соработка, во 2018 година се формираше Интерсекторска група за родово одговорно буџетирање како дел од проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија". Интерсекторската група за родово одговорно буџетирање има цел да го развие и одржува партнерството меѓу различите сектори и одделенија во Општината за да ја унапредуваат родовата еднаквост и систематски да ја инкорпорираат родовата перспектива од сите аспекти и во сите полиња на работата на Општината. Членови на интерсекторската група доаѓаат како претставници на секторите: образование, финансии, економски развој, комунални дејности, урбанизам. Токму и оваа стратегија е изработена од интерсекторската група, Комисијата за еднакви можности, со поддршка на менторките на UN Women Скопје за родова еднаквост на Општината, д-р Марија Ристеска и Неда Петковска и координаторките за еднакви можности во Општина Битола, д-р Анита Ангелевска и м-р Виолета Налевска.

Во рамките на Стратегијата е вклучено и истражување за ставовите за еднакви можности во Општина Битола, кое го спроведе здружението „Сумнал" во 2020 година. Ова истражување послужи за подготовка на Стратегијата, односно постави основа за да се утврдат одредени потреби на жените и на мажите од Општина Битола. Врз основа на тие потреби дефинирани се стратегиски цели и активности.

## 1.1. Визија

Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола е насочена кон остварување на визијата Битола да стане место на еднакви можности за мажите и жените во севкупното општествено живеење.



## 1.2. Мисија

Општина Битола ќе ги инкорпорира перспективите на еднаквите можности за жените и мажите во своите образовни, здравствени, социјални, локално економски, комунални и секаков друг вид програми и услуги преку родово сензитивно унапредување на постапките за јавни набавки, родово одговорно буџетирање и следење на спроведувањето на програмите и услугите со цел унапредување на родовата еднаквост во Општината.

## 1.3. Основни принципи

Стратегијата за еднакви можности на Општина Битола е основана врза следниве принципи:

**Еднаквост** за сите луѓе (жени и мажи) во слободниот пристап до информации, можностите и придобивките од сите јавни услуги што ги нуди Општината.

**Транспарентност** значи подготвеност да се одговори на секое прашање што ги интересира граѓаните/ките и давање јасни одговори подеднакво на сите и на лесно разбирлив јазик за сите граѓани/ки.

**Партиципативност, односно** вклученост на сите жени и мажи, имајќи ги предвид нивните различни заднини и позиции, притоа гарантирајќи ја интерсекциската димензија на нивните потреби како засегнати страни во процесот на одлучување и креирање локални политики (родова еднаквост во донесувањето на одлуките).

**Отчетност**, односно редовно поднесување извештаи од Општината за начинот на работа и трошењето на средствата што се прибираат од даноците и давачките што ги плаќаат граѓаните/ките со вклучени податоци што се родово разделени.

**Ефективност** значи колкаво е нивото на постигнување на поставените цели. Ефективноста не се мери преку цена на чинење. Во смисла на Стратегијата, ефективноста е принцип што мери степен на постигнување на родово одговорни цели.

**Ефикасност** се однесува на постигнување на зацртаните цели на најбрз, економичен и ефективен начин. Тоа е слично на ефективноста на која ѝ се додава мерката на чинење на интервенцијата. Во смисла на оваа стратегија, под ефикасност се подразбира постигнување на родово одговорните цели со рационално и економски исплатливо трошење на финансиските ресурси, притоа имајќи ги предвид економските проекции за долгорочен економски раст на Општината.

# 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Според податоците од пописот на населението од 2021 година, на територијата на Општина Битола има 85.164 жители, 30.154 домаќинства и 43.724 стана. Според структурата по пол, 50,9 % се жени, а 49,1 % се мажи (види табела 1). Според образовните карактеристики, пак, речиси 1 % од населението во Општина Битола е неписмено (738 жители), но бројот на неписмени жени е дупло поголем од бројот на неписмени мажи. Имено, во Општина Битола, земајќи ги предвид сите возрасни групи, има вкупно 505 неписмени жени и 263 мажи. Гледано и според возрасни групи, состојбата е загрижувачка и укажува на тоа дека различниот пристап до образование сѐуште е родов проблем што опстојува во Општината, особено по завршувањето на задолжителното средно образование, кога настанува главниот пресврт во однос на половата структура на неписменото население – види табела 1а.



Табела 1 – Вкупен број жители на територија на Општина Битола, поделени по пол

| Вкупно население | 85.164 |
|---|---|
| Жени | 43.319 |
| Мажи | 41.845 |
| Писмени | 70.149 |
| Неписмени | 768 |
| Вкупен број домаќинства | 30.154 |
| Вкупен број станови (сите видови живеалишта) | 43.724 |
| Просечен број членови во домаќинството | 2.8 |

Попис на населението од 2021 година, ДЗС (Макстат база на податоци)

Табела 1а - Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според писменост и пол, по општини, Попис, 2021 – Битола

| | Писменост вкупно | | | Писмен | | | Неписмен | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол вкупно | Мажи | Жени | Пол Вкупно | Мажи | Жени | Пол вкупно | Мажи | Жени |
| Возрасна група вкупно | 72.744 | 35.417 | 37.327 | 70.149 | 34.193 | 35.956 | 768 | 263 | 505 |
| 15 – 19 | 4.175 | 2.180 | 1.995 | 4.025 | 2.113 | 1.912 | 37 | 20 | 17 |
| 20 – 24 | 4.252 | 2.107 | 2.145 | 4.001 | 1.970 | 2.031 | 46 | 21 | 25 |
| 25 – 29 | 4.893 | 2.497 | 2.396 | 4.574 | 2.327 | 2.247 | 50 | 22 | 28 |
| 30 – 34 | 5.633 | 2.911 | 2.722 | 5.253 | 2.713 | 5.240 | 64 | 24 | 40 |
| 35 – 39 | 6.411 | 3.225 | 3.186 | 6.127 | 3.072 | 3.055 | 60 | 25 | 35 |
| 40 – 44 | 5.926 | 2.976 | 2.950 | 5.720 | 2.884 | 2.836 | 63 | 19 | 44 |
| 45 – 49 | 5.540 | 2.684 | 2.856 | 5.354 | 2.601 | 2.753 | 64 | 23 | 41 |
| 50 – 54 | 5.711 | 2.806 | 2.905 | 5.546 | 2.720 | 2.826 | 52 | 20 | 32 |
| 55 – 59 | 6.162 | 2.963 | 3.199 | 5.988 | 2.878 | 3.110 | 54 | 22 | 32 |
| 60 – 64 | 6.861 | 3.357 | 3.504 | 6.761 | 3.319 | 3.442 | 70 | 21 | 49 |
| 65 – 69 | 6.400 | 3.179 | 3.221 | 6.311 | 3.143 | 3.168 | 50 | 19 | 31 |
| 70 – 74 | 4.620 | 2.067 | 2.553 | 4.542 | 2.034 | 2.508 | 48 | 17 | 31 |
| 75 – 79 | 2.843 | 1.187 | 1.656 | 2.783 | 1.167 | 1.616 | 25 | 3 | 22 |
| 80 – 84 | 1.942 | 759 | 1.183 | 1.883 | 743 | 1.140 | 30 | 5 | 25 |
| 85 – 89 | 1.089 | 408 | 681 | 1.018 | 402 | 616 | 45 | 2 | 43 |
| 90 – 94 | 252 | 97 | 155 | 236 | 95 | 141 | 7 | - | 7 |
| 95 – 99 | 32 | 14 | 18 | 26 | 12 | 14 | 3 | - | 3 |
| 100+ | 2 | - | 2 | 1 | - | 1 | - | - | - |

## 2.1. Економска активност и вработување

Доколку ги анализираме состојбите на македонскиот пазар на труд, ќе забележиме дека податоците укажуваат на постоење голема нееднаквост помеѓу жените и мажите. Ова често ѝ се припишува на улогата што ја има жената во рамките на домаќинството, а наметнато е врз основа на општествените стереотипи. Во македонското општество нееднаквоста меѓу жените и мажите во делот на економската активност и ограничената можност на жената за вработување не се препознаваат како своевидна системска дискриминација.

Од приложените податоци во табела 2 (прикажана подолу) може да забележиме дека во однос на бројот на вкупното работоспособно население не постои значајна разлика помеѓу бројот на работоспособни жени и мажи, меѓутоа разликата е изразена во делот на економската активност. Имено, стапката на вработеност во Република Северна Македонија во 2019 година кај жените изнесува 38 %, односно значително е пониска во споредба со онаа кај мажите што изнесува 56 %. Податоците се исти и за 2020 година.



Најголем дел од работоспособните жени, односно 53,4 %, се вбројуваат во категоријата неактивно население, за споредба, само 32,2 % од мажите се вбројуваат во оваа категорија. Дополнително, вреди да се напомене дека значително е повисока стапката на мажи во активното население, споредено со жените. Така, 67,8 % од работоспособните мажи спаѓаат во категоријата активно население, додека овој процент кај жените изнесува 46,6 %.

Табела 2 - Работоспособно население според економска активност и пол (на ниво на држава)

| | 2018 | | | 2019 | | | 2020 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Жени | Мажи | Вкупно | Жени | Мажи | Вкупно | Жени | Мажи |
| Вкупно работоспо-собно население | 1.682.702 | 840.454 | 842.248 | 1.684.820 | 841.473 | 843.347 | 1.685.589 | 841.881 | 843.707 |
| Активно население | 957.623 | 375.064 | 582.559 | 964.014 | 392.379 | 571.635 | 950.858 | 384.680 | 566.178 |
| Вработени | 759.054 | 300.549 | 458.505 | 797.651 | 320.214 | 477.437 | 794.909 | 323.344 | 471.564 |
| Невработени | 198.569 | 74.515 | 124.054 | 166.363 | 72.165 | 94.198 | 155.949 | 61.335 | 94.614 |
| Неактивно население | 725.079 | 465.390 | 259.689 | 720.805 | 449.093 | 271.712 | 734.731 | 457.201 | 277.529 |

Активно население во Република Северна Македонија, ДЗС, Резултати од АРС, 2020 година

Според податоците на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), во периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година во Центарот за вработување во Општина Битола регистрирани се вкупно 13.168 пријави за засновани работни односи. Од нив, најголем дел се на определено време и сезонски ангажман, односно 10.046 (76,3 %), додека само 3.122 (23,7 %) работни односи се засновани на неопределено време. Нема значителни промени и во 2020 година, односно работните односи што се засноваат во текот на оваа година претежно се засноваат на определено време.

Доколку го анализираме бројот на невработени лица во Општина Битола, ќе забележиме дека нешто повеќе од 6 % од вкупното население активно бара работа, а жените и мажите се речиси еднакво застапени како статистички одредници. Имено, според податоците на АВРСМ, Центарот за вработување во Општина Битола бележи вкупно 5.767 невработени лица, од кои 3.011 (52,2 %) се жени.[1] Сепак, за да се дадат заклучоци потребно е да се знае и старосната структура на лицата што бараат работа, односно се невработени, како и нивната стручна спрема, а со цел да се подготви стратегија за локален економски развој што ќе одговара на потребите на жените и на мажите. Доколку ги погледнеме податоците од табела 3, ќе забележиме дека најголемата разлика по однос на бројот на невработени лица меѓу жените и мажите во Општина Битола е изразена кај возрасните лица, од 30 до 49 години.



## Табела 3 – Преглед на невработени според полова структура

| | Вкупно | | 15 – 29 години | | 30 – 49 години | | 50 – 60+ години | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи |
| Центар за вработување - Битола | 3.011 | 2.756 | 579 | 518 | 1.280 | 929 | 1.152 | 1309 |
| % | 52.2 | 47.8 | 52.8 | 47.2 | 58 | 42 | 46.8 | 53.2 |

АВРСМ, Преглед на невработени лица со состојба на 31.5.2020 година

[1] АВРСМ, Преглед на невработени лица со состојба на 31.5.2020 година.

Од податоците прикажани во табела 4 може да забележиме дека во сите категории каде што се вбројуваат лица што имаат завршено средно образование, па сѐ до доктори на науки, жените во поголем број се невработени, споредено со мажите. Најголема разлика забележуваме кај невработените лица што имаат високо образование, односно 68 % од нив се жени. Разликата се намалува како што се намалува степенот на образование кај невработените лица, па така поголем број од лицата што немаат образование, со основно или нецелосно средно образование претежно се мажи. Ова може да сугерира дека жените имаат ограничен пристап до работните места што подобро се платени, сразмерно со степенот на нивното образование, имајќи предвид дека има значителна разликата кај невработените лица што се магистри или доктори на науки. Во Општина Битола, според податоците на АВРСМ, има 65 невработени лица со овие квалификации од кои 61,5 % се жени.



Табела 4 - Преглед на невработени лица според школска подготовка

| Центар за вработување - Битола | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Нецелосно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри и доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сѐ | Жени | Сѐ | Жени | Сѐ | Жени | Сѐ | Жени | Сѐ | Жени | Сѐ | Жени | Сѐ | Жени |
| | 5.767 | 3.011 | 2.427 | 1.150 | 698 | 309 | 1.566 | 839 | 171 | 102 | 840 | 571 | 65 | 40 |
| % | 100 | 52,2 | 100 | 47,4 | 100 | 44,3 | 100 | 53,6 | 100 | 59,6 | 100 | 68 | 100 | 61,5 |

АВРСМ, Преглед на невработени лица со состојба на 31.5.2020 година

## 2.2. Неплатен труд

Неплатениот труд претставува еден од индикаторите за постоење родова нееднаквост (нееднаква застапеност на жените и мажите). Податоците покажуваат дека жените поминуваат значително повеќе време од мажите во вршење неплатена работа за грижа во домот и за семејството. Именo, без исклучоци, во сите земји жените вршат три четвртини од неплатената работа за грижа или 76,2 % од вкупното време, поделено по часови. Дополнително, во ниту една земја мажите и жените немаат еднакво учество во вршење неплатена работа за грижа.[2]

[2] International Labor Organization (2018). Care Work and Care Jobs for the Future of Decent Work. ILO: Geneva, страница 30.

Жените, споредено со мажите, просечно трошат околу 3,2 пати повеќе време за вршење неплатен труд, односно околу 4 часа и 25 минути дневно, додека мажите одвојуваат околу 1 час и 23 минути. Според податоците на Меѓународната организација на трудот, пресметано на годишно ниво како осум работни часа за жените тоа претставува вкупно 201 работен ден, споредено со само 63 работни дена за мажите.[3] Оттука, властите на централно и на локално ниво треба да воведуваат политики што ќе одговорат и ќе ги пресретнат потребите за грижа и кои ќе ги намалат разликите меѓу мажите и жените во однос на одговорностите за грижа за членовите на семејството и заедницата.

Во Република Северна Македонија користењето на времето на населението е прашање за кое опсежни податоци прибира Државниот завод за статистика. Податоците за просечното дневно користење на времето на македонските граѓани се родово поделени и се објавуваат во рамките на публикацијата „Користење на времето" од Државниот завод за статистика. Од приложените податоци во табела 5 може да забележиме дека најголем дел од времето македонските граѓани го користат за спиење, а потоа следуваат слободните активности што опфаќаат дружење, одмор, хоби, читање, гледање телевизија и слично. Во поглед на времето за спиење, помеѓу жените и мажите нема разлика, но заради другите дневни активности на кои жената им се посветува повеќе, забележуваме дека тие имаат речиси еден час помалку време за слободни активности, споредено со мажите.

За сметка на слободното време, жените користат повеќе време за домашни неплатени активности и вработеност. Домашните неплатени активности опфаќаат работа, како чистење во домот, грижа за децата и возрасните, градинарство и грижа за домашните миленици, градење и поправки, купување услуги и грижа за домаќинството. Имајќи го предвид ова, ќе забележиме дека помеѓу жените и мажите постои значајна разлика во однос на оваа активност, споредено со другите дневни активности. Имено, жените користат значително повеќе време за вршење домашни активности, односно 4,14 часа, додека мажите одвојуваат значително помалку време, 1,16 часа, за домашни активности.



[3] Исто.

Табела 5 - Просечно дневно користење на времето на лица на возраст од 20 до 64 години, по активности за 2014/2015 година (часови и минути)

| Дневни активности | Вкупно време | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Спиење | 8,26 | 8,26 | 8,25 |
| Слободни активности | 4,48 | 5,18 | 4,17 |
| Домашни активности | 2,44 | 1,16 | 4,14 |
| Вработеност | 3,20 | 4,01 | 2,39 |
| Јадење и пиење | 2,15 | 2,16 | 2,14 |
| Друга лична грижа | 0,55 | 0,54 | 0,56 |
| Патување | 0,55 | 1,04 | 0,45 |
| Школување | 0,19 | 0,19 | 0,19 |
| Волонтерска работа и помош | 0,04 | 0,08 | 0,01 |
| Друго | 0,13 | 0,17 | 0,10 |

Прикажаните податоци се од Државниот завод за статистика (Анкета за користење на времето, 2014/2015 година)

Во табела 6 (прикажана подолу) наведени се податоци за посветеното време за вршење домашни активности помеѓу жените и мажите според возрасни групи. Од податоците забележуваме дека независно од возраста, жените поминуваат значително повеќе време од мажите во вршење домашни активности што претежно опфаќаат грижа во домот и домаќинството. Жените на возраст помеѓу 25 и 44 години посветуваат и до четири часа повеќе од мажите за вршење домашни активности, додека кај повозрасните лица на возраст од 45 до 64 години, оваа разлика се намалува на три часа. Разликите се должат, пред сè, поради грижата за децата, поврзано со нивното образование и подигнување, како и за грижата за домот. Сето тоа говори за постоење на нееднаквост во поделбата на обврските во рамките

на домот, што резултира со помалку слободно време за жените, односно помалку време да си посветат себеси, сопствениот развој, но и да учествуваат во политичките, економските и општествените процеси. Со помалку слободно време, жените се исклучуваат од овие процеси и, иако ненамерно, сепак, тоа е резултат на нееднаквите односи помеѓу жените и мажите, кои се последица на традиционалните вредности, како и на недостигот на услуги и политики што ќе влијаат врз намалувањето на товарот и неплатената работа за грижа што ја извршуваат жените во домот.

Табела 6 – Просечно дневно користење на времето според домашни активности, возрасни групи и пол, за 2014/2015 година (часови и минути)

| 10-14 | | 15-24 | | 25-44 | | 45-64 | | +65 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| 0,11 | 0,23 | 0,26 | 1,22 | 1,05 | 4,19 | 1,42 | 4,51 | 1,47 | 3,27 |

Прикажаните податоци се од Државниот завод за статистика (Анкета за користење на времето, 2014/2015 година)

Доколку просечното дневно користење на времето за домашни активности го анализираме според статусот на пазарот на труд, забележуваме дека жените минуваат значително повеќе време од мажите во вршење домашни активности независно од тоа дали се вработени, невработени или неактивни на пазарот на труд. Разликата е најизразена помеѓу жените и мажите во категоријата неактивни лица, каде што постои разлика во времето посветено на домашни активности за повеќе од четири часа, а значителна разлика во посветеното време има и кај невработените, каде што жените посветуваат речиси и до три ипол часа повеќе од мажите за домашни активности. Кај вработените жени, значително е помало времето посветено на овие активности, но вреди да се напомене дека кај мажите, независно од нивниот економски статус, нема големи отстапки во однос на времето што го посветуваат за домашни активности. Овие податоци ни говорат дека поделбата на неплатениот труд во домот е нееднаков и не зависи од тоа дали лицата се вработени, невработени или неактивни на пазарот на труд.

Табела 7 - Просечно дневно користење на времето за домашни активности, според статусот на пазарот на труд за 2014/2015 година (часови и минути)

| Статус на пазарот на труд (возрасна група од 20 до 64 години) | Разлика | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Вработени | 2,05 | 1,09 | 3,14 |
| Невработени | 3,65 | 1,47 | 5,12 |
| Неактивни | 4,06 | 1,08 | 5,14 |

Прикажаните податоци се од Државниот завод за статистика (Анкета за користење на времето, 2014/2015 година)
Нема специфични податоци за Општина Битола.



## 2.3. Баланс помеѓу работата и семејниот живот (користење породилно отсуство)

Здравственото осигурување за македонското население е универзално и го покрива вкупното население во државата и во Општина Битола, независно дали е стекнато по основа на лично осигурување или по основа на осигурување на членови од семејството. Доколку ги анализираме податоците во табела 8, ќе забележиме дека мажите во поголем број се носители на осигурување, односно 55,5 % од вкупниот број носители се мажи, а жените во значително поголем број, односно 62,2 % се јавуваат како пријавен член на семејството. Ова се должи на поголемиот број невработени и неактивни жени на пазарот на трудот, споредено со мажите.

Вреди да се напомене дека на територија на Општина Битола, 47,3 % од вкупниот број носители на осигурување се жени, овој процент на ниво на Република Северна Македонија е малку понизок, односно 44,4 % од носителите се жени, следствено, оваа разлика се отсликува и во однос на бројот на пријавени членови.

Табела 8 - Преглед на бројот на осигурени лица по основа на осигурување (лични и членови на семејства), за декември 2019 година[4]

| Подрачна единица | Пријава на носител | | Вкупно носители | Пријава на член | | Вкупно членови | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | Женски | Машки | | |
| Битола | 31.155 | 34.691 | 65.846 | 17.106 | 11.699 | 28.805 | 94.651 |
| Вкупно | 524.824 | 655.960 | 1.180.784 | 428.363 | 260.362 | 688.725 | 1.869.509 |

ФЗОРСМ, Преглед на осигурени лица во 2019 година

Од податоците прикажани во табела 9 забележуваме дека здравственото осигурувањето по основа на работен однос опфаќа речиси половина од населението. Жените во помал број, споредено со мажите, се јавуваат како активни носители на осигурувањето, односно сочинуваат 45 % од вкупниот број на активни носители.

Табела 9 - Преглед на осигуреници по основа на осигурување, за декември 2019 година[5]

| Основа на осигурување | Број на активни носители | | Вкупен број на активни носители | Број на активни членови | | Вкупен број активни членови | Активни осигуреници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | Женски | Машки | | |
| Лица со плата | 253.880 | 310.012 | 563.892 | 208.570 | 163.781 | 372.351 | 936.243 |

ФЗОРСМ, Преглед на осигурени лица во 2019 година

[4] Не се достапни родово разделени податоци, според исти категории за 2020 година, во официјалниот извештај на ФЗОРСМ

[5] Не се достапни родово разделени податоци според истите категории за 2020 година во официјалниот извештај на ФЗОРСМ.

Во согласност со Законот за здравствено осигурување, осигуреничките што се во работен однос имаат право на надоместок за време на отсуството од работа поради бременост, раѓање и мајчинство (породилно отсуство). Од приложените податоци во табела 10 (прикажана подолу), може да забележиме дека, споредено со 2018 година, во 2019 година вкупниот број породилни отсуства бележи раст за околу 3 %, но и намалување за повеќе од 11 % во 2020 година. Притоа, во периодот од 2019 до 2020 година е забележано намалување од 29 % кај осигуреничките што се вратиле на работното место порано од предвидените девет месеци породилно боледување, односно кои го искористиле правото покрај платата да добиваат половина од утврдениот надоместок за породилно отсуство.[6] Доколку ги споредиме податоци за период од пет години, ќе забележиме дека вкупниот број породилни отсуства на национално ниво во периодот 2015-2019 година бележи раст од 11,2 % и потоа исто толкав пад за период од само една година, во 2020 година.



Табела 10 - Преглед на бројот на надоместоци за породилни отсуства по години

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | **2020** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно породилни отсуства | 9.180 | 9.914 | 9.793 | 9.906 | 10.209 | **9.044** |
| Бременост и породување | 8.870 | 9.528 | 9.323 | 9.628 | 9.913 | **8.834** |
| Вработени родилки | 310 | 386 | 470 | 278 | 296 | **210** |

ФЗОРСМ, Годишни извештаи (2015-2020)

Според годишните извештаи објавени од Фондот за здравствено осигурување, во 2020 година само 47 мажи оствариле право на надоместок за породилно отсуство. За споредба, во претходната година ова право го искористиле 63 мажи, што претставува значајно намалување. Вреди да се напомене дека во 2017 година ова право го искористиле 79 мажи. Ова сугерира дека иако бројот на мажи што користат породилно отсуство варира во текот на годините, од една страна, постојано е значително низок, а од друга страна постои и тренд на намалување. Овие бројки се однесуваат на национално ниво и нема разделени податоци на ниво на локални единици.

[6] Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, 2020 година.

Табела 11 - Број на мажи што го оствариле правото на надоместок за породилно отсуство

| Година | 2017 | 2018 | 2019 | **2020** |
|---|---|---|---|---|
| Број на мажи што оствариле право на надоместок за породилно отсуство | 79 | 44 | 63 | 47 |

ФЗОРСМ, Годишни извештаи (2017-2020)

Според распространетоста по плански региони, најголем дел права за породилно отсуство се доделени во Скопскиот Регион, односно доделени се 43 % од вкупниот број породилни отсуства доделени во државата во 2020 година.

Бројот на доделени права на 1.000 осигуренички изнесува 36 и е на приближно исто ниво споредено со 2019 година. Највисока вредност на овој индикатор има во Полошкиот Регион и соодветствува со високата стапка на наталитет што ја има овој регион. Од друга страна, најниска стапка има во Вардарскиот Регион каде што на секои 1.000 осигуренички, доделени се 29 права на породилно отсуство.[7]

Во Пелагонискиот Регион, каде што спаѓа Општина Битола, на 1.000 осигуренички доделени се 32 права за породилно отсуство, што е пониско од државниот просек, каде што на 1.000 осигуренички доделени се 36 права за породилно отсуство (табела 12).



[7] Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, 2020 година

### Табела 12 - Породилни надоместоци по региони за 2020 година

| Регион | Бременост и породување | Вработени родилки | Вкупно породилни отсуства | Број на жени вработени | Број на породилни отсуства на 1.000 вработени осигуреници жени |
|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 608 | 15 | 623 | 21.137 | 29 |
| Источен | 764 | 18 | 782 | 26.140 | 30 |
| Југозападен | 776 | 17 | 793 | 20.853 | 38 |
| Југоисточен | 669 | 15 | 684 | 18.357 | 37 |
| Пелагониски | 933 | 20 | 953 | 30.127 | 32 |
| Полошки | 761 | 40 | 801 | 17.903 | 45 |
| Североисточен | 479 | 21 | 500 | 14.679 | 34 |
| Скопски | 3.844 | 64 | 3.908 | 97.735 | 40 |
| Вкупно | 8.834 | 210 | 9.044 | 246.913 | 36 |

ФЗОРСМ, Годишен извештај 2020 година

Според податоците наведени во извештајот, објавен од Фондот за здравствено осигурување за 2020 година, може да забележиме дека освен што трендот на раст на бројот на породилни отсуства го следи и раст на износот на средства што се одвојуваат за оваа намена, постои раст на исплатените средства за породилни отсуства дури и кога се бележи висок пад на бројот на породилни отсуства.

### Табела 13 - Исплатени средства за породилни отсуства

| Година | 2017 | 2018 | 2019 | **2020** |
|---|---|---|---|---|
| Исплатени средства | 2.301.613.000 | 2.499.202.000 | 2.621.223.847 | **3.135.231.000** |

ФЗОРСМ, Годишен извештај 2020 година

### 2.3.1. Број на установи што згрижуваат деца (Општина Битола)

Според податоците објавени од Државниот завод за статистика, во 2020 година (состојба на 30 септември), вкупниот број деца во установите за згрижување и воспитание на деца на ниво на целата држава изнесувал 26.589, што претставува намалување за 6,8 % во однос на претходната 2019 година.[8]

На службената веб-страница на Општина Битола наведени се информации за функционирањето на две јавни општински установи – детски градинки во кои се формирани групи за предучилишна возраст, односно ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" и ЈОУДГ „Мајски цвет".[9]

Доколку ги погледнеме податоците прикажани во табела 14, ќе забележиме дека на територијата на Општина Битола се згрижени 1.493 деца, од кои 641 женски (43 %) и 852 машки деца (57 %). На ниво на територијата на Република Северна Македонија, но и во рамките на Општина Битола, може да забележиме дека на јголем дел од вработените лица во овие установи го сочинуваат жени. Имено, дури 91,9 % од вработените лица во државата се жени, додека само 8,1 % се мажи. На ниво на Општина Битола овој сооднос е речиси идентичен, односно речиси 92 % од вработените лица се жени.

Овие податоци се силен аргумент кон тврдењето дека жените во земјата многу често избираат професии од областа образование и грижа за децата, односно својата кариера ја градат во сферата воспитување и грижа што традиционално во опкружувањето се смета за „женска" професија.[10] Во оваа сфера, од една страна, самата професија е поврзана со стереотипот за мајчинската улога на жената во општеството, а од друга страна преовладуваат значително пониски надоместоци за трудот за разлика од други сектори, каде што често, главно, се вработени мажи.



[8] Државен завод за статистика (соопштение), Установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки/ центри за ран детски развој во 2020 година.

[9] Службена веб-страница Општина Битола (достапен електронски извор: *https://www.bitola.gov.mk/%d0%be%d0%b1%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%be%d0%b2%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b5/%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%ba%d0%b8/)*

[10] За ова говорат и повеќе податоци добиени во рамките на спроведените истражувања од ЦИКП.

Табела 14 - Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание на деца, 2017 година

| | Деца | | | Вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | женски | машки | вкупно | женски | машки | вкупно |
| Република Северна Македонија | 17.218 | 18.068 | 35.286 | 4.330 | 381 | 4.711 |
| Општина Битола | 641 | 852 | 1.493 | 194 | 17 | 211 |

ДЗС, Макстат база на податоци, 2020

## 2.4. Образование



### 2.4.1. Основно образование

Според податоците на Државниот завод за статистика, на почетокот на учебната 2019/2020 година во Република Северна Македонија бројот на ученици во редовните основни училишта изнесува 187.240, што претставува намалување за 0,5 % во однос на претходната учебна година кога биле запишани 188.102 ученици. Во оваа учебна година биле запишани 90.500 ученички, или 48,3 %, а 96.740 ученици, или 51,7 %. Вкупниот број наставници во учебната 2019/2020 година изнесува 18.221, од кои 12.862 жени, или 70,6 %.

Во основните училишта на територија на Општина Битола оваа учебна година ја започнале 7.590 ученици, од кои 3.615 ученички, или 47,6 %, и 3.975 ученици, или 52,4 %. Во рамките на Општината, во основните училишта настава во оваа учебна година држеле 716 наставници, од кои 563 жени, или 78,6 %. Забележуваме дека процентот на жени што се наставнички во Општина Битола е малку повисок споредено со нивната застапеност на ниво на територија на Република Северна Македонија, односно поголем е за 8 процентни поени.

Во Општина Битола има 12 основни училишта.[11]

[11] Службена веб-страница Општина Битола (достапен електронски извор:

Табела 15 - Ученици и наставници во основно образование во учебната 2019/2020 година

| | Ученици | | | Наставници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученички | Ученици | Вкупно | Женски | Машки | Вкупно |
| Република Северна Македонија | 90.500 | 96.740 | 187.240 | 12.862 | 5.359 | 18.221 |
| Општина Битола | 3.615 | 3.975 | 7.590 | 563 | 153 | 716 |

ДЗС, Макстат база на податоци, 2020

### 2.4.2. Средно образование

Според податоците на Државниот завод за статистика, на почетокот на учебната 2019/2020 година во Република Северна Македонија, бројот на ученици во редовните средни училишта изнесува 69.980, што претставува намалување за 2,3 % во однос на претходната учебна година што ја започнале 71.650 ученици. Во оваа учебна година биле запишани 33.683 ученички, или 48,1 %, и 36.297 ученици, или 51,9 %. Вкупниот број наставници во учебната 2019/2020 година изнесува 7.345, од кои 4.493 жени, или 61,2 %.

Во средните училишта на територија на Општина Битола оваа учебна година ја започнале 3.738 ученици, од кои 1.790 ученички, или 47,9 %, и 1.948 ученици, или 52,1 %. Во основните училишта во рамките на Општината, во оваа учебна година настава држеле 416 наставници, од кои 267 жени, или 64,2 %. Повторно и во средното образование забележуваме дека процентот на жени што се наставнички во Општина Битола е повисок споредено со нивната застапеност на ниво на територијата на Република Северна Македонија и тоа за 4 процентни поени.

Доколку направиме споредба кај наставничкиот кадар во основните и во средните училишта во Општина Битола, ќе забележиме дека значително повисок процент на жени се наставнички во основните училишта, споредено со средните. Имено, во основните училишта наставничкиот кадар е составен од 78,6 % жени, додека во средните училишта овој процент е малку понизок, односно повеќе од 64 % се жени. Ова повторно може да укажува на начинот на кој се гледа

*https://www.bitola.gov.mk/%d0%be%d0%b1%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%be%d0%b2%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b5/%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%ba%d0%b8/)*

наставно-воспитната професија, односно дека таа е феминизирана. Така, во основното образование постои значително поголема дискрепанција меѓу вработените жени и мажи, додека оваа разлика значително се намалува меѓу вработените жени и мажи во средното образование, односно тогаш кога образовниот процес веќе преминува на некој начин од воспитно-образовен во само научно-образовен.

Во Општина Битола има седум средни училишта.[12]

Табела 16 - Ученици и наставници во средно образование во учебната 2019/2020 година

| | Ученици | | | Наставници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученички | Ученици | Вкупно | Женски | Машки | Вкупно |
| Република Северна Македонија | 33.683 | 36.297 | 69.980 | 4.493 | 2.852 | 7.345 |
| Општина Битола | 1.790 | 1.948 | 3.738 | 267 | 149 | 416 |

ДЗС, Макстат база на податоци, 2020

### 2.4.3. Високо образование

Според податоците на Државниот завод за статистика, во Република Северна Македонија, во академската 2019/2020 година се запишани вкупно 51.734 студенти, што претставува намалување за 3,6 % во однос на академската 2018/2019 година кога биле запишани 53.677 студенти. Бројот на запишани студентки во оваа академска година изнесува 29.515, или 57,1 %. Најголем број студенти, или 85,3 %, се запишани на државните високообразовни установи, додека 14,7 % се запишани на приватните високообразовни установи.[13]

Во Општина Битола има една високообразовна установа, односно Универзитетот „Св. Климент

[12] Службена веб-страница Општина Битола (достапен електронски извор: *https://www.bitola.gov.mk/%d0%be%d0%b1%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%be%d0%b2%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b5/%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%ba%d0%b8/)*

[13] Државен завод за статистика, Соопштение од областа образование и наука, 2020 година.

Охридски“, кој е втор државен универзитет во земјата и претставува најзначајна установа од областа на високото образование во југозападниот регион на Република Северна Македонија.

Во академската 2019/2020 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ се запишани вкупно 3.930 студенти, од кои 2.182 жени, или 55,5 %.[14] Сепак, бидејќи нема специфични податоци за населението во Општина Битола, ќе се обидеме да ги анализираме податоците од факултетите при Универзитетот што имаат седиште во Општина Битола. Во рамките на универзитетот, на територија на Општина Битола се наоѓаат: Техничкиот факултет, Факултетот за биотехнички науки, Ветеринарниот факултет, Факултетот за информатички и комуникациски технологии и Педагошкиот факултет.

Така, на овие факултети во оваа академска година се запишани 1.492 студенти, од кои 744 жени, или 49,9 %. Од податоците се забележува дека жените претпочитаат да студираат на Педагошкиот факултет, каде што 85,8 % од запишаните студенти се жени.[15]



## 2.5. Учество во јавниот живот

Со Општина Битола од 2021 година управува маж, односно функцијата градоначалник ја врши господин Тони Коњановски. Советот на Општината е составен од 31 член, а функцијата претседател на Советот ја врши жена, госпоѓа Габриела Илиевска, која е претседателка и на КЕМ. Во рамките на Советот на Општината, советниците се претежно мажи. Имено, само 13 члена во овој состав на Советот се жени, односно 41,9 %.[16]

Во Општина Битола постојат 76 заедници во рамките на локалната самоуправа, од кои 23 урбани и 53 месни заедници. Од достапните податоци на службената веб-страница на Општината, само три жени се претседателки на урбана заедница, додека во другите 20 се мажи. Со месните заедници во Општината не управува ниту една жена.

[14] Државен завод за статистика, Соопштение од областа образование и наука, 2020 година.

[15] Исто.

[16] Службена веб-страница на Општина Битола (достапен електронски извор: *https://www.bitola.gov.mk/%d0%be%d0%b1%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%be%d0%b2%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b5/%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%ba%d0%b8/)*

### Табела 17 - Жени и мажи во Општина Битола

| | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Советници во Општина Битола | 13 | 18 | 31 |
| Урбани заедници | 3 | 20 | 23 |
| Месни заедници | 0 | 53 | 53 |

Податоците се објавени на веб-страницата на Општина Битола

Во однос на директорувањето со јавни претпријатија во рамките на Општина Битола, од достапните електронски информации објавени на интернет, може да забележиме дека од деветте јавни претпријатија на територија на Општината, само со едно управува жена, а тоа е ЈП за урбанистичко планирање.



### Табела 18 - Директори / управители на јавни установи во Општина Битола

| Јавна установа | Жена | Маж |
|---|---|---|
| ЈП Комуналец | - | 1 |
| КЈП Водовод | - | 1 |
| КЈП Нискоградба | - | 1 |
| ЈП Индустриска зона Жабени | - | 1 |
| ЈП за урбанистичко планирање | 1 | - |
| ЈП Зоолошка градина | 1 | - |
| Дом за стари лица | 1 | - |
| ЈП за изградба и одржување на јавен простор | - | 1 |

Податоците се прибирани со користење на податоци од интернет

Сектори

| Јавна установа | Жена | Маж |
|---|---|---|
| Сектор за финансии | 1 | |
| Сектор за јавни дејности | 1 | 1 |
| Сектор за инспекција | - | 1 |
| Сектор за урбанизам | - | 1 |
| Сектор за административно-правни работи | - | 1 |

# 3. СТАВОВИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Во ова поглавје од истражувањето на испитаниците им беа поставени прашања во врска со нивните мислења за родовата еднаквост во домаќинството, работното место, жените во политиката, како и социјалните и културните сфаќања на мажите и жените.

Само 2 % од машкиот пол се изјасниле дека доколку би се родиле повторно, сакаат да се родат како жена, додека 42 % од женскиот пол би сакале да се родат како маж.

Графикон 5 - Ако се родите повторно, сакате да бидете маж или жена?






„Двајцата родители да работат и да заработуваат и двајцата да се грижат за куќата и за децата" има највисок процент во сите сегменти.

Графикон 6 - Според вашето мислење, што е најдобро за општеството, како треба да се организира семејството?




Испитаниците што живеат во рурална средина сакаат да работат повеќе со раководител – жена отколку со маж. Овој став се надоврзува на постојните наоди од истражувањата дека граѓаните/ките не претставуваат пречка за поставување на жените на раководни или лидерски функции.[17]

[17] Коруновска, Н., et al. (2015) Жените во политиката: Патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија.

Графикон 7 - Доколку добиете нова работа и имате можност да изберете кој ќе биде вашиот шеф, дали би претпочитале да работите со раководител/шеф жена или маж?






Ставот дека нашето општество „ги преферира мажите пред жените" има највисок процент кај албанската популација. Начелно, 48 % од сите испитаници сметаат дека заедницата/општеството ги третира мажите и жените подеднакво.

Графикон 8 - Дали мислите дека во нашата земја заедницата/општеството ги третира:




Повеќе од половина од испитаниците, или 56 %, изјавиле дека еднаквоста помеѓу мажите и жените е подобрена, додека 40 % изјавиле дека останала иста.

## Графикон 9 – Мислите дека во последните пет години во Битола еднаквоста меѓу жените и мажите се:




Мнозинството од испитаниците, или 51 %, сметаат дека мажите и жените треба да имаат еднакви можности за работа, додека само 6 % од испитаниците изјавиле дека жените не треба да имаат еднакви можности за работа со мажите.

## Графикон 10 – Дали мислите дека жените треба да имаат еднакви можности за работа со мажите?



Значителни 74 % од испитаниците изјавиле дека не прават разлика помеѓу полот што би ја водел државата, додека 23 % од испитаниците изјавиле дека земјата ќе биде подобро водена доколку имаме повеќе жени во политиката. И овој став е конзистентен со наодите од повеќе истражувања во државата за позицијата на жените во политиката, односно дека граѓаните/ките не се пречка за поставувањето жени на лидерски позиции, туку поголема улога за ова имаат политичките партии, политичкиот систем и поделеноста на родовите улоги и распоредот на слободното наспроти професионалното време.[18]

Графикон 11 – Дали мислите дека земјата ќе биде подобро или полошо водена доколку имаме повеќе жени во политиката?




Запрашани за т.н. „машки" и „женски" карактеристики, на пример, способности, интелегенција итн., најголем дел од испитаниците (79 %) одговориле дека сметаат оти нема разлика меѓу жените и мажите. Најголема разлика во ставот е видлива кај испитаниците од руралните средини, меѓу кои 26 % изјавиле дека особеностите на интелигенција, способност и интерес се одлика на машката популација.

[18] Исто.

Графикон 12 - Земајќи ги предвид женските и машките особености, интереси, способности, интелигентен/а важи за:




## Заклучоци (Поглавје I)

- Според добиените одговори испитаниците имаат афирмативен и поддржувачки став во однос на унапредувањето на еднаквите можности на жените и мажите. Како индикатор на тоа е високата поддршка на ставот дека двајцата родители треба да работат, да заработуваат и да се грижат за семејството, како и позитивниот став за тоа дека потребен е поголем број на жени во политиката.
- Најголем дел од испитаниците сметаат дека во последните пет години еднаквите можности во Битола се унапредени, но впечатливо е тоа што сепак, и покрај ова, дури 42 % од жените изјавиле дека би сакале да се родат како машки пол, а од друга страна само 2 % од машките изјавиле дека сакаат да се родат како женски пол. Ова имплицитно би можело ја прикаже реалната состојба и позиција на жената во Општината, односно тоа дека потсвесно граѓанките/ите сметаат дека да се биде „маж" во едно патријархално опкружување значи да се помине „полесно" во сите сфери на општественото живеење. Родовата поделеност на улогите во општеството става поголема тежина на грбот на жените што треба да се носат со неплатените активности, како што се грижа за домот, семејството, постарите лица и често да работат за платен труд истовремено.
- Впечатлив податок е тоа што со зголемувањето на возраста се намалува ставот дека општеството ги преферира мажите пред жените.

## 3.1.Загадување и енергетска ефикасност

Во ова поглавје е анализирана перцепцијата на испитаниците во однос на квалитетот на воздухот, односно дали се преземени активности и мерки за намалување на загадувањето. Од испитаниците беше побарано да го рангираат влијанието на различни релевантни чинители. Оттука, идентификувани се и факторите што придонесуваат за загадување на воздухот низ серија специфични прашања за изворот на енергија користен во домаќинствата, како и дали испитаниците користат енергетска ефикасност.

Мнозинството испитаници, или 90 %, изјавиле дека не се задоволни од квалитетот на животната средина. Притоа, процентот на мажи што се незадоволни е малку повисок од процентот на жени, но ова не претставува значајна разлика.



Графикон 13 - Дали сте задоволни од квалитетот на животната средина?




Најголем дел од испитаниците, или 35 %, изјавиле дека институциите не презеле ништо во врска со загадувањето. И овој став го делат речиси подеднакво и мажите и жените чиишто одговори можеме да ги видимеприкажани на графикон 14.

## Графикон 14 - Дали институциите презедоа нешто во врска со загадувањето?




Највисоко влијание врз подигнувањето на јавната свест за загадувањето на воздухот имаат социјалните медиуми со 62 %.

## Графикон 15 - Како го проценувате влијанието на следниве чинители во подигнувањето на јавната свест за загадувањето на воздухот:




Повеќе од половина од испитаниците, или 51 %, се изјасниле дека користат струја за готвење.

## Графикон 16 - Што користите за готвење?




## Графикон 17- Што користите за греење?






Мнозинството од испитаниците, односно 45 % се изјасниле дека користат дрва за греење.

Значителни 76 % од испитаниците одговориле дека користат струја за загревање вода.

## Графикон 18 - Што користите за загревање вода?




## Графикон 19 - Дали имате...?




Најголем дел од испитаниците, или 71 %, имаат изолација на прозорците, последователно 56 % имаат изолација на фасадата.

Големите индустрии и граѓаните имаат највисок удел во загадувањето на воздухот.

## Графикон 20 - Според вашето мислење, колку следниве чинители имаат удел во загадувањето на воздухот:




Владата/Министерствата со 67 % се најодговорни за решавање на проблемот со загадениот воздух.

## Графикон 21 - Според вашето мислење, колку следниве чинители се одговорни за решавање на проблемот со загадениот воздух?




Половина од испитаниците користат автомобил како превозно средство. Во овој поглед постојат значителни родови разлики. Имено, 57 % од машките испитаници користат автомобил како превозно средство за разлика од 43 % од жените, додека 41 % од жените користат јавен превоз – автобус за разлика од 31 % од испитаните мажи.

## Графикон 22 - Кое превозно средство се користи во вашето семејство?






Евро 3 и Евро 4 се најзастапени мотори меѓу испитаниците. Нема значителни родови разлики за употребата на Евро 3. Но кога станува за употребата на Евро 4, очигледно е дека повеќе мажи (44 %) споредбено со жени (34 %) користат мотор што загадува помалку, но и чини повеќе, што имплицитно говори за разликите во куповната моќ меѓу жените и мажите во Општина Битола.

## Графикон 23 - Која серија е моторот?




Недостигот на пари влијае врз испитаниците да не инвестираат во унапредувањето на ефикасноста.

Графикон 24 - Што влијае врз вас за да не инвестирате во унапредувањето на ефикасноста:



## Заклучоци (Поглавје II)

- Во одговорите на испитаниците може да се увиди дискрепанција помеѓу нивните ставови во однос на квалитетот на животната средина и загадениот воздух и на нивното лично чувство за одговорност за актуелната состојба.
- Конкретно, 90 % од испитаниците не се задоволни од животната средина, а сепак, од друга страна, 45 % од испитаниците одговориле дека се греат на дрва, а високи 50 % како превозно средство користат автомобил, а на едно од другите прашања висок процент (60 %) од нив сметаат дека токму граѓаните се виновни за актуелната состојба.
- Не постојат значајни разлики во перцепциите за загадувањето меѓу жените и мажите. Така, на пример, тие се согласуваат за нивото на загаденост во Општината и (не)задоволството од животната средина – 93 % од мажите и 88 % од жените испитаници не се задоволни од животната средина во која живеат.
- Главна разлика помеѓу жените и мажите во однос на загадувањето и енергетската ефикасност има во однос на тоа кој повеќе користи автомобил и каков тип автомобил, а кој јавен превоз. Така, мажите (53 %) во поголем степен користат автомобил како превозно средство за разлика од жените (43 %), додека 41 % од жените користат јавен превоз – автобус за разлика од 31 % од мажите.
- Од оние што возат автомобили, генерално, мажите возат поскапи автомобили што се помали загадувачи за разлика од жените.
- Во однос на подигнувањето на свеста за важноста на животната средина, мислат дека главна улога имале социјалните мрежи, како главни причинители покрај граѓаните, сметаат дека големите индустрии се виновни за актуелната состојба, а највисоки очекувања за решавање на проблемот имаат во владата (67 %), локалните институции (59 %) и самите граѓани (59 %).

## 3.2. Услуги – Пристапност

Врз основа на резултатите од анкетата што ја спроведе здружението „Сумнал“, во натамошниот дел е прикажана достапноста на основните услуги во Општина Битола.

Начелно, на 66 % од испитаниците им се потребни помалку од 10 минути за да ги однесат децата во градинка. На 18 % од испитаниците им се потребни од 10 до 30 минути за тоа. Притоа не постојат значајни разлики во однос на потребното време за носење на децата во градинка меѓу мажите и жените, но ова се однесува на оние жени и мажи што, всушност, ги носат децата во градинка. Очигледна е разликата во времето на оние што живеат во градски наспроти рурални средини – испитаниците од рурални средини понекогаш трошат и повеќе од два часа за да ги однесат децата во градинка.



Графикон 25 - Колку време ви е потребно да ги однесете децата во градинка?




На 64 % од испитаниците им се потребни помалку од 10 минути за да ги однесат децата во училиште. На 21 % од испитаниците им се потребни од 10 до 30 минути за тоа. Не постои значајна разлика меѓу мажите и жените што ги носат децата во училиште.

## Графикон 26 - Колку време ви е потребно да ги однесете децата во училиште?






На 45 % од испитаниците, без значајни разлики меѓу одговорите на жените и мажите, им се потребни од 10 до 30 минути да стигнат во болница/здравствен дом/клиника.

## Графикон 27 - Колку време ви е потребно со семејството да стигнете во болница/здравствен/дом/клиника?



Значителни 79 % од испитаниците изјавиле дека имаат лесен пристап до основните услуги, без значајни родови разлики (жени-мажи).

Графикон 28 - Дали имате лесен пристап до основни услуги (банка, пошта, културни институции, продавници и сл.)?




Во однос на најчесто користено средство за транспорт, 41% од испитаниците се изјасниле дека користат автомобил за транспорт, додека 39 % користат автобус за транспорт, а 17 % одат пешки. Во овој дел се забележуваат како родови разлики, така и разлики во поглед на средината на живеење. Имено, 48 % од мажите користат автомобил за разлика од 34 % од жените, а 22 % од жените одат пешки за разлика од 13 % од мажите. Дополнително, жените повеќе го користат и јавниот превоз и тоа 43 % наспроти 35 % од испитаните мажи. Разликата меѓу жителите на село и град е уште пофрапантна – дури 62 % од жителите од рурални средини користат автомобил за разлика од 35 % од жителите во град. Ова укажува на тоа дека пристапот до јавен превоз и добри патишта во руралните средини е многу потежок. Имајќи интерсекциски предвид дека жените се тие што почесто пешачат или користат јавен превоз, овој податок укажува на тоа дека жените од руралните средини се соочуваат со сериозно ограничување на мобилноста.

## Графикон 29 – Каков транспорт користите?






Високи 84 % од испитаниците изјавиле дека автобусите или комбињата не се фреквентни.

## Графикон 30 – Ако користите автобус или комбе (јавен транспорт), дали се соочувате со следниве тешкотии во користењето на услугата како, на пример:




Според 20 % од испитаниците јавниот транспорт е скап, 31 % сметаат дека е умерено скап, додека 50 % сметаат дека јавниот транспорт не е скап. И во поглед на перцепциите за цените, постојат значајни родови разлики, имено мажите во поголема мера сметаат дека цената на превозот е

прифатлива за разлика од жените, односно превозот не е скап за 57 % од испитаните мажи за разлика од 44 % од испитаните жени што сметаат дека не е скап. Од испитаните жени, 23 % сметаат дека превозот е скап, а ваков став имаат само 15 % од испитаните мажи. Имплицитно, овој податок говори за разликите во потрошувачката моќ меѓу мажите и жените во Општина Битола.

Графикон 31 - Ако користите автобус или комбе (јавен транспорт), дали јавниот транспорт е скап?




Патиштата, образованието и централното греење имаа највисоки проценти за подобрување во Општина Битола.

Графикон 32 - Според ваше мислење, која инфраструктура треба да се подобри/воведе во Општина Битола?



## Заклучоци (Поглавје III)

- Генерално, најголем дел од испитаниците одговориле дека имаат солидна пристапност во градот, при што во просек им се потребни 10-30 минути за да стигнат до градинка, училиште и болница, а исто така 79 % од нив одговориле дека имаат лесен пристап до основните услуги. Постои разлика меѓу луѓето од град и луѓето од село – испитаниците од руралните средини понекогаш трошат и повеќе од два часа за да ги однесат своите деца во градинка.
- Од испитаниците, 41 % одговориле дека користат автомобил како превозно средство, а оние што одговориле дека користат јавен превоз, сметаат дека главен проблем е тоа што автобусите не се доволно фреквентни.
- Постојат родови разлики во начинот на кој се користи превозот. Автомобил користат 48 % од мажите за разлика од 34 % од жените, а 22 % од жените одат пешки за разлика од 13 % од мажите. Дополнително, жените повеќе користат јавен превоз и тоа 43 % наспроти 35 % од испитаните мажи.
- Дополнително, постојат родови разлики и во перцепцијата за цените за јавниот превоз. Жените се посклони кон ставот дека јавниот превоз е скап за разлика од мажите, што имплицитно говори и за разликите во потрошувачката моќ меѓу жените и мажите, но и за тоа кој род е позапознаен со условите во јавниот превоз.
- Главни очекувања на испитаниците од локалната власт се подобрување на патиштата, на образованието и централното греење.

## 3.3. Економија и трошење на времето

Врз основа на резултатите од анкетата што ја спроведе здружението „Сумнал", во натамошниот дел се прикажани факторите што влијаат врз изборот на вработување, работниот статус, како и прашањата поврзани со интервју за работа.

Според најголем дел од испитаниците, изгледот и етничката припадност значително влијаеле врз изборот за вработување. Притоа, процентот на жени што сметаат дека изгледот влијае врз изборот за вработување е нешто повисок од процентот на мажи, што имплицира на тоа дека жените се соочени со поголем притисок за нивниот професионален изглед.

Табела 14 - Кога сте се пријавувале за ново вработување, која од следниве ваши карактеристики сте почувствувале дека влијае значително врз изборот да бидете вработени:

| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | Етничка припадност | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Тотал | машки | женски | 15-29 | 30-49 | 50-69 | 70-85+ | Македонец/ка | Албанец/ка | Друга | Град | Село |
| | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % |
| возраст | 17,9 | 15,4 | 20,2 | 19,7 | 17,7 | 22,6 | 2,7 | 19,8 | 6,5 | 0,0 | 15,3 | 26,9 |
| пол | 14,8 | 15,1 | 14,5 | 15,0 | 18,1 | 15,3 | 2,7 | 15,9 | 0,0 | 11,1 | 14,1 | 17,2 |
| етничка припадност | 20,1 | 18,8 | 21,4 | 23,7 | 25,3 | 17,5 | 1,4 | 20,5 | 3,2 | 26,7 | 20,2 | 20,0 |
| изглед | 24,5 | 23,8 | 25,2 | 34,1 | 25,3 | 22,0 | 5,4 | 25,3 | 0,0 | 31,1 | 25,4 | 21,4 |
| друго | 10,9 | 8,3 | 13,4 | 12,7 | 14,3 | 7,3 | 4,1 | 10,9 | 22,6 | 2,2 | 11,2 | 9,7 |
| не сум се пријавувал/а за ново вработување | 21,2 | 23,1 | 19,3 | 18,5 | 19,4 | 24,3 | 25,7 | 21,2 | 9,7 | 28,9 | 16,9 | 36,6 |
| не знам | 36,5 | 34,3 | 38,6 | 28,3 | 31,6 | 39,0 | 64,9 | 35,4 | 61,3 | 33,3 | 43,0 | 13,1 |

На 15 % од испитаниците им било поставено прашање за плановите за формирање семејство и тоа на нешто повеќе мажи одошто жени, односно 17 % од испитаните мажи и 14 % од испитаните жени. Иако разликата не е значајна, може да значи исклучок од трендот жените да бидат прашани за плановите за семејство за време на интервју. Од друга страна, ако се има предвид дека жените се помалку активни на пазарот на трудот за разлика од мажите и со тоа помалку од нив имале искуство со интервјуа за работа, не е зачудувачки тоа што повеќе мажи испитаници одговориле дека биле прашани за нивните фамилијарни планови.

Графикон 33 – Дали на интервју за вработување ве прашале за вашите планови да формирате семејство?




Помала пропорција од испитаниците, или 19 %, почувствувале дека заради плановите за раѓање бебе не биле избрани на позицијата за која аплицирале. Но тука е очигледна главната родова разлика во одговорите – односно дури една третина од испитаните жени (32 %) одговориле дека сметаат оти не добиле работа поради плановите за деца за разлика од само 7 % од испитаните мажи

Графикон 34 - Дали сте почувствувале дека заради вашите планови да родите дете не бевте избран/а за позицијата за која аплициравте?




Само 17 % од испитаниците изјавиле дека во моментот бараат вработување. Не постојат родови разлики во одговорите, но постојат кај оние што се жители на град и село, односно многу повеќе луѓе од село бараат работа што укажува на проблемот со невработеност во руралните средини.

Графикон 35 - Дали во моментот барате вработување?




Според 23 % од испитаниците, понудата за работни места опаѓа. Од жените, 27 % го делат овој став за разлика од 19 % од мажите.

Графикон 36 - Дали сметате дека понудата на работни места се намалува?






Мнозинството од испитаниците, или 43 %, заедно заработуваат со сопругот/ата. Дури 21 % од жените одговориле дека заработува само сопругот за разлика од 8 % од мажите што одговориле дека заработува само сопругата. Ова значи дека иако во најголем дел работат двајцата сопружници, а од оние што не работат жените се во поголема мера економски зависни од сопрузите.

Графикон 37 - Кој заработува во вашата фамилија?




Само 17 % од испитаниците изјавиле дека се невработени. Сепак, постојат огромни разлики во вработеноста меѓу испитаниците мажи и жени. Имено, 65 % од испитаните мажи се формално

вработени за разлика од 44 % од испитаните жени. Истовремено, 21 % од жените се невработени за разлика од 13 % од мажите. Како домаќин/ка се категоризирале 3 % од жените, додека ниту еден маж не се поврзал со оваа улога.

## Графикон 38 - Кој е вашиот моментен работен статус?



## 3.4. Неплатен труд

Значителни 73 % од испитаниците што се вработени поминуваат осум часа платена работа. Притоа малку повеќе жени од мажи поминуваат осум часа во платена работа, а повеќе мажи од жени поминуваат од шест до осум часа на работното место.

Графикон 39 – Ако сте вработен/а, колку време поминувате на платена работа?




Повеќе од половина од испитаниците, или 52 %, поминуваат повеќе од четири часа надвор од платената работа. За разлика од мажите, жените поминуваат најмногу време во неплатена работа. И тоа 62 % жени за разлика од 45 % мажи поминуваат дури повеќе од четири часа во неплатена работа во текот на денот.

## Графикон 40 - Колку време поминувате надвор од платената работа во неплатена работа во домаќинството?






Од испитаниците 18 % вкупно поминуваат повеќе од четири часа во грижа за децата. Родово разделено, 27 % од жените трошат повеќе од четири часа во денот во грижа за децата за разлика од само 7 % од мажите. Има и мажи (3 %) што поминуваат помалку од 15 минути во денот во грижа за децата, додека ниту една жена не посветува толку малку време за иста активност.

## Графикон 41 - Колку време поминувате во грижа за децата (подучување, облекување, хранење, бањање)?



Помала пропорција од вкупниот број испитаници, односно 19 % од испитаниците поминуваат до 15 минути во грижа за стари луѓе и тоа мажите (26 %) во поголема мера од жените (13 %). Жените трошат многу повеќе време и во грижа за старите луѓе. Од испитаничките, 7 % поминуваат дури повеќе од четири часа – нешто што не е забележано кај ниту еден испитаник.

## Графикон 42 – Колку време поминувате во грижа за старите луѓе (облекување, хранење, бањање)?




Речиси половина од испитаниците, или 46,3 %, во случај на болест во семејството го негуваат болниот, од нив најголем дел се жени, односно 64,4 % и само 27,5 % се мажи.

Табела 18 - Во случај на болест во семејството, кој најчесто го негува болниот?

| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | Етничка припадност | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | машки | женски | 15-29 | 30-49 | 50-69 | 70-85+ | Македонец/ка | Албанец/ка | Друга | Град | Село |
| | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % |
| јас | 46,3 | 27,5 | 64,4 | 34,1 | 52,3 | 53,1 | 39,2 | 45,3 | 38,7 | 64,4 | 48,1 | 40,0 |
| мајката | 15,1 | 20,4 | 10,1 | 41,0 | 10,1 | 2,3 | 1,4 | 14,0 | 25,8 | 22,2 | 12,2 | 25,5 |
| таткото | 0,5 | 0,6 | 0,3 | 0,6 | 0,8 | 0,0 | 0,0 | 0,3 | 3,2 | 0,0 | 0,6 | 0,0 |
| сопругот/сопругата | 23,0 | 35,5 | 11,0 | 15,0 | 23,6 | 34,5 | 12,2 | 24,8 | 16,1 | 4,4 | 25,4 | 14,5 |
| синот | 0,8 | 0,6 | 0,9 | 0,0 | 0,4 | 0,0 | 5,4 | 0,9 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 2,8 |
| ќерката | 1,4 | 1,5 | 1,2 | 1,2 | 0,8 | 1,1 | 4,1 | 1,5 | 0,0 | 0,0 | 1,7 | 0,0 |
| снаата | 2,4 | 1,9 | 3,0 | 0,0 | 0,8 | 2,3 | 13,5 | 2,4 | 6,5 | 0,0 | 2,3 | 2,8 |
| зетот | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| свекрвата | 0,6 | 0,0 | 1,2 | 0,0 | 1,7 | 0,0 | 0,0 | 0,7 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 2,8 |
| свекорот | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| бабата | 0,5 | 0,6 | 0,3 | 1,2 | 0,0 | 0,6 | 0,0 | 0,5 | 0,0 | 0,0 | 0,6 | 0,0 |
| дедото | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| платена негувателка/негувател | 0,6 | 0,6 | 0,6 | 0,0 | 0,8 | 0,6 | 1,4 | 0,7 | 0,0 | 0,0 | 0,6 | 0,7 |
| друго | 2,4 | 2,8 | 2,1 | 1,2 | 5,1 | 1,1 | 0,0 | 1,9 | 9,7 | 4,4 | 0,6 | 9,0 |
| без одговор | 6,5 | 8,0 | 5,0 | 5,8 | 3,4 | 4,5 | 23,0 | 7,0 | 0,0 | 4,4 | 7,8 | 2,1 |

Жените во поголема мера од мажите се грижат сами за себе кога се болни – 48 % од жените наспроти 32 % од мажите. Кога мажите се болни, за нив најчесто се грижи сопругата (52 %) или мајката (12 %). Ќерките, снаите и свекрвите се грижат многу почесто за болните отколку синовите, зетовите или свекорите што речиси и никогаш не се вклучени во грижата за некој болен од поширокото семејство.

Табела 19 - Во случај ако сте болен/а, кој најчесто ве негува?

| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | Етничка припадност | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | машки | женски | 15-29 | 30-49 | 50-69 | 70-85+ | Македонец/ка | Албанец/ка | Друга | Град | Село |
| | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % |
| јас | 39,9 | 31,8 | 47,8 | 30,6 | 39,7 | 42,4 | 56,8 | 39,3 | 41,9 | 46,7 | 39,7 | 40,7 |
| мајката | 10,6 | 12,3 | 8,9 | 31,8 | 5,1 | 1,1 | 1,4 | 10,1 | 9,7 | 17,8 | 8,5 | 17,9 |
| таткото | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| сопругот/сопругата | 43,3 | 52,2 | 34,7 | 34,1 | 51,5 | 51,4 | 18,9 | 45,0 | 38,7 | 24,4 | 45,7 | 34,5 |
| синот | 0,9 | 0,3 | 1,5 | 0,6 | 0,0 | 0,0 | 6,8 | 1,0 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 3,4 |
| ќерката | 2,0 | 1,5 | 2,4 | 0,6 | 1,3 | 3,4 | 4,1 | 1,7 | 0,0 | 6,7 | 2,5 | 0,0 |
| снаата | 2,1 | 1,2 | 3,0 | 1,2 | 0,8 | 1,1 | 10,8 | 1,7 | 6,5 | 4,4 | 2,3 | 1,4 |
| зетот | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| свекрвата | 0,2 | 0,0 | 0,3 | 0,0 | 0,4 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 0,0 |
| свекорот | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| бабата | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |

| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | Етничка припадност | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | машки | женски | 15-29 | 30-49 | 50-69 | 70-85+ | Македонец/ка | Албанец/ка | Друга | Град | Село |
| | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % |
| дедото | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| платена негувателка/негуvател | 0,5 | 0,3 | 0,6 | 0,0 | 0,4 | 0,6 | 1,4 | 0,5 | 0,0 | 0,0 | 0,6 | 0,0 |
| друго | 0,6 | 0,3 | 0,9 | 1,2 | 0,8 | 0,0 | 0,0 | 0,5 | 3,2 | 0,0 | 0,2 | 2,1 |
| без одговор | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |

Во најголем број случаи негата се однесувала на сезонска болест.

## Графикон 43 - Негата се однесува/ла за:




Помалата пропорција од испитаниците, или 35 %, изјавиле дека се грижеле за болен во семејството.

## Графикон 44 - Дали досега сте се грижеле за болен во семејството?




Повеќе од половина од испитаниците, или 66 %, изјавиле дека не добиваат никаква помош при грижа за болниот.

## Графикон 45 - Каков вид помош добивате при грижата за болниот?




Испитаниците најчесто помагаат при носење на контроли/транспорт/асистенција, хранење и давање лекови.

Табела 20 - Кога се грижите за болниот, што правите најчесто?

| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | Етничка припадност | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | машки | женски | 15-29 | 30-49 | 50-69 | 70-85+ | Македонец/ка | Албанец/ка | Друга | Град | Село |
| | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % |
| хранење | 14,0 | 15,2 | 12,8 | 26,8 | 10,7 | 9,2 | 8,3 | 11,3 | 0,0 | 50,0 | 16,2 | 9,9 |
| облекување | 2,6 | 2,7 | 2,6 | 1,8 | 3,6 | 1,5 | 4,2 | 2,0 | 25,0 | 0,0 | 2,0 | 3,7 |
| готвење | 9,2 | 6,3 | 12,0 | 5,4 | 7,1 | 16,9 | 4,2 | 9,4 | 0,0 | 11,1 | 6,1 | 14,8 |
| давање лекови | 14,8 | 14,3 | 15,4 | 16,1 | 20,2 | 10,8 | 4,2 | 14,3 | 50,0 | 5,6 | 17,6 | 9,9 |
| носење на контроли/ транспорт/асистенција | 19,2 | 18,8 | 19,7 | 14,3 | 25,0 | 20,0 | 8,3 | 19,7 | 12,5 | 16,7 | 18,9 | 19,8 |
| одржување хигиена | 6,1 | 6,3 | 6,0 | 3,6 | 8,3 | 4,6 | 8,3 | 6,9 | 0,0 | 0,0 | 9,5 | 0,0 |
| перење | 0,9 | 0,0 | 1,7 | 0,0 | 0,0 | 1,5 | 4,2 | 1,0 | 0,0 | 0,0 | 1,4 | 0,0 |
| поминато време со болниот / поддршка | 12,7 | 17,0 | 8,5 | 16,1 | 11,9 | 10,8 | 12,5 | 13,8 | 12,5 | 0,0 | 14,9 | 8,6 |
| купување лекови | 3,9 | 4,5 | 3,4 | 7,1 | 6,0 | 0,0 | 0,0 | 3,4 | 0,0 | 11,1 | 2,7 | 6,2 |
| друго | 16,2 | 14,3 | 17,9 | 7,1 | 7,1 | 24,6 | 45,8 | 17,7 | 0,0 | 5,6 | 10,1 | 27,2 |
| без одговор | 0,4 | 0,9 | 0,0 | 1,8 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,5 | 0,0 | 0,0 | 0,7 | 0,0 |

Значителни 79,9 % од испитаниците изјавиле дека негата не влијаела врз нивната работа. Но од оние кај кои влијаела, најчесто се жени. Така двојно повеќе жени, односно 8,5 % морале да престанат целосно да работат за разлика од 3,6 % мажи поради грижа за болен.

Табела 21 - Дали грижата за болниот влијаеше врз: I. работата

| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | Етничка припадност | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | машки | женски | 15-29 | 30-49 | 50-69 | 70-85+ | Македонец/ка | Албанец/ка | Друга | Град | Село |
| | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % |
| морав да престанам да работам | 6,1 | 3,6 | 8,5 | 1,8 | 4,8 | 12,3 | 4,2 | 6,4 | 12,5 | 0,0 | 7,4 | 3,7 |
| морав да земам боледување | 5,2 | 7,1 | 3,4 | 5,4 | 3,6 | 9,2 | 0,0 | 5,4 | 12,5 | 0,0 | 2,0 | 11,1 |
| морав да го намалам работното време | 1,3 | 0,0 | 2,6 | 0,0 | 1,2 | 3,1 | 0,0 | 1,5 | 0,0 | 0,0 | 2,0 | 0,0 |
| ми се намали квалитетот на работата | 4,8 | 3,6 | 6,0 | 3,6 | 4,8 | 4,6 | 8,3 | 4,9 | 12,5 | 0,0 | 1,4 | 11,1 |
| морав да ја сменам работата | 1,3 | 2,7 | 0,0 | 3,6 | 0,0 | 1,5 | 0,0 | 1,5 | 0,0 | 0,0 | 1,4 | 1,2 |
| немаше никакво влијание | 79,9 | 81,3 | 78,6 | 83,9 | 85,7 | 66,2 | 87,5 | 78,8 | 62,5 | 100,0 | 85,1 | 70,4 |
| друго | 0,9 | 0,9 | 0,9 | 0,0 | 0,0 | 3,1 | 0,0 | 1,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 2,5 |
| без одговор | 0,4 | 0,9 | 0,0 | 1,8 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,5 | 0,0 | 0,0 | 0,7 | 0,0 |

Најголем дел од испитаниците, или 30,6 %, изјавиле дека грижата за болниот влијаела врз нивниот социјален живот, додека 25,3 % изјавиле дека немале време да посветат за себе. Притоа најзначајна родова разлика има во влијанието на болниот врз грижата за себе, односно речиси 30 % од жените скратуваат од времето за себе кога се грижат за болен за разлика од 20 % од мажите. Во услови кога мажите се грижат за болен човек, кратат од времето поминато со сопругата (19,6 % мажи за разлика од 10,3 % жени).

Табела 22 - Дали грижата за болниот влијаеше врз: II. личниот живот

| | Вкупно | Пол | | Возраст | | | | Етничка припадност | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | машки | женски | 15–29 | 30–49 | 50–69 | 70–85+ | Македонец/ка | Албанец/ка | Друга | Град | Село |
| | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % |
| имам помалку време за пријатели и дружење | 30,6 | 38,4 | 23,1 | 39,3 | 27,4 | 27,7 | 29,2 | 33,5 | 12,5 | 5,6 | 28,4 | 34,6 |
| имам помалку време за моето хоби | 14,8 | 12,5 | 17,1 | 14,3 | 16,7 | 9,2 | 25,0 | 13,3 | 25,0 | 27,8 | 13,5 | 17,3 |
| немам време да посветам за себе | 25,3 | 20,5 | 29,9 | 26,8 | 16,7 | 33,8 | 29,2 | 23,6 | 37,5 | 38,9 | 23,6 | 28,4 |
| помалку време поминувам со децата | 14,4 | 8,9 | 19,7 | 3,6 | 25,0 | 9,2 | 16,7 | 13,3 | 12,5 | 27,8 | 13,5 | 16,0 |
| помалку време поминувам со сопругот/сопругата | 14,8 | 19,6 | 10,3 | 16,1 | 14,3 | 20,0 | 0,0 | 16,3 | 12,5 | 0,0 | 20,9 | 3,7 |

Помала пропорција од испитаниците, или 28 %, изјавиле дека имаат потреба од нега во домашни услови. Од испитаниците, 53 % се на возраст од 70 до 85+.

## Графикон 46 - Дали ви се потребни услуги за нега во домашни услови?






На 31 % од испитаниците им е потребен дом за стари лица и притоа оваа потреба е релативно иста како за жените, така и за мажите.

## Графикон 47 - Дали ви е потребен дом за стари лица?



## Заклучоци (Поглавје IV)

- Во согласност со одговорите, еден од заклучоците е дека на дел од испитаниците при интервју за вработување им е поставено прашањето во однос на нивната идеја за формирање семејство. Забележително е тоа што жените трипати почесто се одбивани од мажите во случај кога работодавецот претпоставувал дека жената/парот планира да раѓа бебе. Ова укажува на дискриминација на жената на пазарот на трудот од одредени работодавци.
- Речиси половина од испитаниците изјавиле дека и двата сопружника финансиски придонесуваат во семејството, што би можело да упати на зголемена родова еднаквост во семејството. Сепак, од оние што се финансиски зависни од партнерот, во најголема мера се жени. Дури 21 % од жените одговориле дека заработува само сопругот за разлика од 8% од мажите што одговориле дека заработува само сопругата.
- Во однос на работниот статус, 54 % од испитаниците се формално вработени, при што најголем дел од нив одговориле дека поминуваат осум часа на работното место. Важен податок за состојбата со родовата еднаквост е тоа што 62 % од жените одговориле дека поминуваат четири часа во неплатена работа во домаќинството за разлика од мажите од кои 45 % минуваат во домаќинството. Втор индикатор е тоа што 27 % од жените поминуваат повеќе од четири часа во текот на денот во грижа за децата за разлика од мажите од кои само 7 % поминуваат повеќе од четири часа во грижа за децата.
- Во однос на грижа во случај на болест на член од семејството, 64,4% жени наспроти 27,5% мажи одоговориле дека тие се грижат за болниот член. Ова упатува на тоа дека покрај позитивните ставови за тежнеење кон поголема родова еднаквост, сепак, одредени улоги сè уште се дефинирани и поделени во согласност со родовите стереотипи.
- Во однос на тоа дали грижата за болното лице во семејството влијаела врз работата и личниот живот на тој што се грижи за него болниот член, речиси 80 % одговориле дека не влијаело врз нивната работа. Но од оние кај кои влијаела, најчесто се жени. Така, двојно повеќе жени, односно 8,5 %, морале да престанат целосно да работат за разлика од 3,6 % мажи што морале да престанат да работат поради грижа за болен. Од друга страна, испитаниците сметаат дека грижата за болен влијаела врз нивниот личен живот, при што мажите одговорија дека грижата за болниот член значела и помалку време за поминување со пријателите, а жените одговориле дека грижата за болниот член во семејството влијаела помалку време да се поминува во грижа за себе. Грижејќи се за болен, жените во поголема мера се жртвуваат себеси, а мажите во поголема мера го жртвуваат времето што го минуваат со сопругата.

## 3.5. Граѓанско учество и безбедност на јавен простор

Дел од испитаниците, или 27%, изјавиле дека се членови на некоја организација, асоцијација, НВО. Иако нема голема разлика, процентуално, малку повеќе од испитаните мажи (30 %) се дел од граѓанскиот сектор за разлика од испитаните жени (24 %).

Графикон 48 – Дали сте член на некоја организација, асоцијација, НВО?






Помала пропорција од испитаниците, или 28 %, изјавиле дека учествувале во активностите на Општината. Во активностите на Општината значителна е разликата помеѓу мажите и жените што активно учествуваат во јавни расправи, анкети, дебати, форуми и состаноци во месната заедница. Во вакви активности учествуваат 35 % од мажите и 23 % од жените. Ова ги потврдува постојните согледби и искуства на речиси сите општини дека жените не се доволно вклучени во јавната работа на Општината.

## Графикон 49 - Дали учествувате во активностите на Општината (јавни расправи, анкети, дебати, форуми, состаноци во месна заедница)?






Најголем дел од испитаниците, или 34%, кои учествуваат во активностите на Општината, се информираат преку други луѓе.

## Графикон 50 - Ако учествувате во активностите на Општината, како се информирате за нив?



Поголем дел од испитаниците, или 27 %, изјавиле дека не се чувствуваат безбедни на јавен простор доколку се сами (без придружник), последователно 25 % од нив изјавиле дека и возраста влијае врз безбедноста на јавен простор. Притоа, родовиот фактор за безбедноста влијаел врз 15 % од жените, а само врз 6 % од мажите испитаници. Дополнително, за релативно голем дел од испитаниците, и мажи и жени (20 %), облеката е битен фактор што влијае врз безбедноста на јавниот простор. Во однос на тоа кој се чувствува помалку безбеден т.е., жените, овој податок го потврдува родовиот стереотип дека доколку жените облекуваат и носат нешто што се смета за „провокативно“, тогаш се поподложни на напади, а со тоа вината ѝ се префрла на жртвата наместо на сторителот.

Графикон 51 - Кои од факторите наведени подолу влијаат врз вашата лична безбедност на јавен простор?






Од испитаниците, 7 % изјавиле дека секогаш се плашат навечер да излезат сами, а дополнително 22 % дека понекогаш се плашат да излегуваат навечер сами, што претставува вкупно приближно една третина од испитаниците што одговориле потврдно на ова прашање. Иако не се понудени родово разделени податоци, имајќи ги предвид сите досегашни наоди за перцепции на безбедноста, како и одговорите на претходното прашање, речиси со сигурност може да се тврди дека жените во многу поголем процент за разлика од мажите се плашат навечер да излезат сами на одредени маала и улици.

Графикон 52 – Како се чувствувате кога излегувате на разни места во Општина Битола, било да е тоа дење или навечер?




Само 3 % од испитаниците се согласуваат со изјавата дека „праќањето приватни пораки на Фејсбук или е-пошта не треба да се смета за вознемирување." Генерално, луѓето што биле испитани во Општина Битола не се согласуваат со насилство ни кон мажите, ни кон жените, ни кон маргинализираните заедници, како што е ЛГБТИ заедницата. Не е присутен ни стереотипот дека жената треба да трпи насилство ниту дека мажите се природно насилни. Ова претставува добар показател за повисоко ниво на свесност на граѓаните/ките во однос на родово базираното насилство.

Графикон 53 – Какво е вашето мислење за следниве изјави:




Високи 65 % од испитаниците сметаат дека е многу веројатно на територијата на Општина Битола жената да биде загледувана или да свиркаат (60 %) или да дофрлаат со недолични зборови (59 %). Загрижувачки е што дури една четвртина смета дека е многу веројатно жената да биде следена што претставува форма на демнење.

Графикон 54 - Кое е вашето мислење за следниве изјави:



## Заклучоци (Поглавје V)

- Генерално, само една третина од испитаниците се дел од граѓанска организација (НВО), а исто така една третина од испитаниците учествувале во некакви активности на Општината, при што информации за нејзините активности, главно, добиваат од други луѓе. За разлика од мажите, жените учествуваат значително помалку во овие активности, за 12 проценти поени помалку учествуваат во работата на Општината и за 6 процентни поени помалку во активностите поврзани со некоја граѓанска организација или активизам.
- Поголемиот дел од испитаниците, или 27 %, изјавиле дека не се чувствуваат безбедни на јавен простор доколку се сами (без придружник). Притоа, родовиот фактор за чувството на безбедност влијаел врз 15 % од жените, а само врз 6 % од мажите испитаници. Дополнително, за релативно голем дел од испитаниците, и мажи и жени (20 %), облеката е битен фактор што влијае врз безбедноста на јавниот простор, што укажува на постојните родови стереотипи за изгледот.
- Една третина од испитаниците изјавиле дека не се чувствуваат безбедни навечер без придружник, а на дел од прашањата одговорите одат во насока на тоа дека има поголема веројатност да им добрлуваат на улица, а помал дел од испитаниците сметаат дека има веројатност да бидат физички или сексуално нападнати. Сепак, дури една четвртина смета дека може да бидат следени, што претставува форма на родово базирано насилство – демнење.
- Испитаниците, главно, негативно одговараат на стереотипните ставови и не се согласуваат со нив, што сведочи за повисоко ниво на изградена свест за родовата еднаквост во Општината.



## Препораки што произлегуваат од истражувањето

### Препораки до институциите

- Продолжување на напорите за унапредување на еднаквите можности;
- Промовирање на алатките за пријавување дискриминација врз основа на пол, особено во процесите на селекција на кандидати за работни позиции;
- Поголемо вклучување на граѓаните во борбата со загадениот воздух и зголемувањето на квалитетот на животната средина;

- Зачестување на фреквенцијата на автобуските линии, со цел поголемо користење на јавниот превоз од граѓаните; и
- Овозможување поголема безбедност за граѓаните, особено во вечерните часови.

### Препораки до НВО

- Активно да ја следат реализацијата на стратегиските документи и спроведувањето на ратификуваните документи и да алармираат во случаи на прекршување или слаба и недоследна реализација;
- Да организираат јавни трибини за важноста на еднаквите можности;
- Да се вклучи поголем број граѓани во активностите на НВО;
- Во активностите за поттикнување на еднаквите можности да ги вклучуваат и мажите, со цел поголема сензитивност;
- Да користат суптилни методи за утврдување на сензитивноста на еднаквите можности; и
- Да се вклучуваат повозрасните граѓани за сензитивизирање за прашањето за еднаквите можности

### Препораки до граѓаните

- Директно покажување дека се сензитивни за аспектот на еднаквите можности, односно јавно покажување на свесност, без срам и страв од стигма;
- Поголема ангажираност и вклученост во решавањето на проблемите со животната средина и загадувањето; и
- Поголема вклученост во активностите на Општината и граѓанските организации.

# 4. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ

За периодот 2021-2026 година Општина Битола има три основни цели во рамките на оваа стратегија. Овие стратегиски цели се формирани во рамките на човечките и финансиските капацитети на Општината да работи на унапредување на еднаквите можности за дадениот период.

**Стратегиска цел 1.** Да се унапредат еднаквите можности за пристап и користење на програмите од жените и мажите.

Активности:

- Промовирање родово одговорни политики на Општината што се засновани врз анализи и мерливи показатели.
- Јакнење на капацитетите на општинската администрација, раководството и други носители на одлуки преку стручни обуки за интегрирање на родовата перспектива во целокупната работа на Општината.
- Усвојување родово специфични мерки што ќе придонесат кон унапредување на родовата еднаквост меѓу сите жени и мажи во Општината.

**Стратегиска цел 2.** Да се воведе родов пристап во дизајнот и управувањето со општинските услуги и да се унапредат пристапот и корист од нив за жените и мажите.

Активности:

- Услугите во Општината да бидат базирани врз спроведени анкети и анализи за потребите на жителите на Општината што ќе ги имаат предвид различните стојалишта/позиции и потреби на жените и мажите.
- Унапредување на внатрешните организациски документи, процедури и постапки во насока на интегрирање на родовата перспектива во општинските услуги.

**Стратегиска цел 3.** Да се постигне напредок во разбивањето на родовите стереотипи и трансформирање на родовите улоги.

Активности:

- Поставување појдовна точка за ставовите и јавното мислење на жителите на Општина Битола во однос на родовата еднаквост и традиционалната поделеност на родовите улоги преку истражување.
- Кампањи за подигнување на јавната свест за потребата и придобивките од унапредување на родовата еднаквост во Општината.
- Унапредување на рамнотежата помеѓу јавниот и приватниот живот на граѓанките/ите.
- Мерење и евалуација на постигнатиот напредок во разбивањето на родовите стереотипи и улоги.

# 5. ПЛАН ЗА АКЦИЈА

| # | Активности / мерки | Кој? | Кога? | До кога? | Буџет | Индикатори на успешност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **СЦ 1: Да се унапредат еднаквите можности за пристап и корист на програмите од жените и мажите за 30% до 2026 година** | | | | | |
| **Резултат: 30 % од сите програми и буџетот на Општина Битола се родово одговорни** | | | | | | **Родови индикатори** |
| 1.1. | Родова анализа на програми (три секоја година) | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ | јули-октомври 2021, 2022, 2023, 2024, 2025 година | 2021-2026 | / | Број на родово одговорни интервенции што се воведени во програмите за 2022, 2023, 2024, 2025 и 2026 година |
| 1.2 | Обука за родова интеграција и објава на граѓански родово одговорен буџет | Сектор за финансии<br>Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ | Обука јуни 2021 година<br>Родово одговорен граѓански буџет март 2022 година | 2022 | / | Објавен родово одговорен граѓански буџет за 2022, 2023, 2024, 2025 и 2026 година<br>Спроведена обука за родова интеграција |
| 1.3 | Пилот-родово одговорни мерки (во образование, здравство, социјална заштита, локален економски развој, животна средина, спорт, култура, комунални дејности, урбанизам, млади) | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ | јули-октомври 2021, 2022, 2023, 2024, 2025 година | 2021-2026 | / | Број и вид родово одговорни мерки што се воведени во програмите за 2022, 2023, 2024, 2025 и 2026 година |
| 1.4 | Родово одговорна постапка на јавни набавки (критериуми) за проекти со НВО | Сектор за финансии<br>Сектор за јавни набавки Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ | Обука јуни 2021 година<br>Родово одговорни повици за граѓански организации јануари 2022, 2023, 2024, 2025 и 2026 година | 2022 | / | Објавен родово одговорен граѓански буџет за 2022, 2023, 2024, 2025 и 2026 година |
| 1.5 | Поставување систем за следење на успех преку родови индикатори | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ | Обука септември 2021 година | 2021 | / | Сите програми имаат родови индикатори |
| 1.6 | Градење капацитет за подготовка и објава на годишен фискален родово одговорен извештај на Општина Битола | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ | Обука октомври 2021 година Фискален извештај март 2022, 2023, 2024, 2025, 2026 година | 2021-2026 | / | Објавен годишен фискален родово одговорен извештај на Општина Битола за 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 година |

| # | Активности / мерки | Кој? | Кога? | До кога? | Буџет | Индикатори на успешност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | **СЦ 2: Да се воведе родов пристап во дизајнот и управувањето со општинските услуги и да се унапредат пристапот и корист од нив за жените и мажите за 40 % до 2026 година** | | | | | |
| **Резултат: 40 % од општинските услуги се искористени од помалку застапениот пол** | | | | | | **Родови индикатори** |
| 2.1 | Анкета за задоволство од услугите и фокус-групи за унапредување на дизајн и доставување | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | 2022 | 2022 | 180.000 МКД | Број на мажи и жени задоволни од услугите<br>Детектирани родово разделени интереси и потреби од локални услуги |
| 2.2 | Обука за родов пристап во дизајн и доставување на општинските услуги | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>Администрација<br>НВО | јуни 2022 година | 2022 | 120.000 МКД | Дефиниран родов пристап во дизајн и доставување на општинските услуги |
| 2.3 | Пилот-родово одговорни мерки по услуга | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | октомври 2022 година | 2023 | 120.000 МКД | Родово одговорни мерки креирани<br>% на потреби на жени/мажи одговорени со мерките |
| 2.4 | Воведување родово сензитивни критериуми за селекција и унапредување | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | јуни 2023 година | 2024 | 120.000 МКД | Родово сензитивни критериуми за селекција и унапредување утврдени/усвоени |
| 2.5. | Воведување родово сензитивни документи и процедури на управување во услугите | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | октомври 2023 година | 2024 | 120.000 МКД | Усвоени родово сензитивни процедури за управување во услугите |

| # | Активности / мерки | Кој? | Кога? | До кога? | Буџет | Индикатори на успешност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **СЦ3: Да се разбијат родовите стереотипи и да се трансформираат родовите улоги за 20 % до 2026 година** | | | | | |
| **Резултат** | | | | | | **Родови индикатори** |
| 3.1. | Анкета на јавно мислење (baseline) | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | октомври 2021 година | 2022 | 180.000 МКД | Број на жени и мажи што ги потврдуваат родовите стереотипи |
| 3.2 | Обука и кампања за подигнување на свеста за сексизам | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | јуни 2023 година | 2024 | 200.000 МКД | % промена на перцепцијата во однос на сексизмот на јавен простор |
| 3.3. | Јавна кампања за баланс на улогите во домот (Учиме со тато, Готвиме со тато, Средуваме со тато) | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | февруари-октомври 2021 година | 2022 | 300.000 МКД | % на промена на перцепцијата во однос на стереотипните родови улоги |
| 3.4. | Пилот-мерки за баланс на работата со семејниот живот во МСП и јавниот сектор | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | јануари-јуни 2022 година | 2023 | 120.000 МКД | % на жени/мажи што сметаат дека квалитетот на животот им се подобрил како резултат на мерките |
| 3.5 | Упатство за користење на родовата форма на именките и кампања за подигнување на свеста | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | јануари-јуни 2023 година | 2024 | 90.000 МКД | Усвоено упатство<br>Број на јавни документи што користат родова форма на именките |
| 3.6. | Анкета на јавно мислење (end-line) | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | октомври 2024 година | 2026 | 180.000 МКД | Број на жени мажи што ги потврдуваат родовите стереотипи |

**СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**
ОПШТИНА БИТОЛА
2021-2026